**ПРАВИЛНИК И РОКОВНИК ЗА ПОСТАПКАТА, НАЧИНОТ И КРИТЕРИУМИТЕ ЗА КАНДИДИРАЊЕ И ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОРГАНИТЕ И НОСИТЕЛИТЕ НА ФУНКЦИИ ВО ОО НА СДСМ И ГО НА СДСМ-СКОПЈЕ**

## 1. ПОСТАПКА И НАЧИН

- На седница на ЦО на СДСМ се донесува Одлука за распишување и постапка за спроведување на изборот на органите на носителите на функции и членови на органите на ОО на СДСМ и ГО на СДСМ-Скопје, како и Роковник за спроведување на активностите за внатрепартиски избори.

- Во печатени медиуми, на веб страната на СДСМ и на огласните места во ОО на СДСМ се објавува оглас..

  Во огласот се наведува рокот за одржување на изборите и рокот за самокандидирање, со назнака дека дополнителни информации ќе бидат објавени на веб страната на СДСМ и огласните места во ОО на СДСМ и ГО на СДСМ-Скопје.

- Кандидатите за претседател на Општинска организација на СДСМ и за претседател на Градската организација на СДСМ-Скопје , доставуваат самокандидатури до претседателот на СДСМ.

- Кандидатите за претседател на Општинската организација на СДСМ и за претседател на Градската организација на СДСМ-Скопје, согласно Роковникот доставуваат програма за работа до Претседателот на СДСМ , а која ќе биде унифицирана за сите кандидати.

- Претседателот на СДСМ ги именува претседателите на ОО на СДСМ и претседателот на ГО на СДСМ-Скопје.

- Именуваните претседатели на ОО на СДСМ одржуваат задолжително консултативни состаноци со месните организации за предлагање на можни членови на ИО и НО на ОО на СДСМ,членови на Градски одбор и ИО на ГО на СДСМ-Скопје.

- По одржаните консултативни состаноци со месните организации новоименуваните претседатели на ОО на СДСМ и новоименуваниот претседател на ГО на СДСМ-предлог-листите за членови за ИО и НО на ОО

www.sdsm.org.mk • e-mail: contact@sdsm.org.mk • тел.: +389 2 3293100 • факс: +389 2 32932109
адреса: ул. „Павел Шатев“ бр. 8, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

на СДСМ и предлог листата за членови на ИО на ГО на СДСМ-Скопје ја доставуваат на согласност до Извршниот одбор на СДСМ.

- Новоименуваните претседатели на ОО на СДСМ по добиената согласност од Извршниот Одбор на СДСМ за предлог-листите за членови на ИО и НО на ОО на СДСМ истите ги доставува до Конференцијата на Општинската организација на усвојување.

- Новоименуваниот претседател на ГО на СДСМ-Скопје по добиената согласност од Извршниот одбор на СДСМ за предлог листата за членови на ИО на ГО на СДСМ истата ја доставува до Градскиот одбор на усвојување.
- По изборот на членовите на Извршниот и Надзорниот одбор на Општинските организации, Месните одбори на СДСМ одржуваат изборни состаноци.
- **За спроведување на постапката како и роковникот за избор на членовите на органите и носителите на функции на ОО во СДСМ и ГО на СДСМ-Скопје се задолжуваат новоименуваните претседатели на ОО на СДСМ и ГО на СДСМ - Скопје со взаемна координација со генералниот секретар на СДСМ.**

- **Согласно член 46, став 5 од Статутот на СДСМ изборот на членовите во ИО и НО ќе се врши согласно принципот на родова еднаквост, односно еднаква застапеност помеѓу жените и мажите , како и една третина од членовите да бидат лица со возраст до 32 години.**

## 2. КРИТЕРИУМИ

### А. Критериуми за кандидирање и избор на претседатели на Општинските организации на СДСМ и Градската организација на СДСМ-Скопје

Кандидатите за претседател на ОО на СДСМ и за претседател на Градската организација на СДСМ-Скопје треба да ги исполнуваат следниве критериуми:

- Да бидат полнолетни, односно да имаат наполнети 18 години старост;
- Да имаат деловна способност;
- Да бидат членови на Социјалдемократскиот Сојуз на Македонија во моментот на поднесување на кандидатурата;
- Во целост да ги почитуваат позитивните законски прописи на РСМ и да не се води судска постапка за било какви дејствија спротивни на закон;
- Да уживаат висок углед и кредибилитет во локалната заедница и регионот на живеење;
- Да ја има подршката од сите етнички заедници, во својата локална средина, од граѓаните и населението да бидат прифатени како совесни и исполнителни личности кои се вбројуваат помеѓу оние со највисок јавен и професионален углед;

- Да поседува дополнителни вредности и капацитет за мобилизирање на граѓани;
- Во целост да ги почитуваат начелата и принципите на кои се темели Социјалдемократскиот сојуз на Македонија;
- Целосно да го почитуваат Статутот на СДСМ;
- Да потпишат изјава за прифаќање и почитување на Етичкиот кодекс на СДСМ и истиот во целост да го почитуваат;
- Да имаат јасна визија за идниот развој и делување на СДСМ на локално ниво да поседуваат силни политички и организациски способности да бидат подготвени за воведување на современи методи и технологии за работа да поседуваат вештини за јавен настап.

Кандидатот за Претседател на ОО на СДСМ и кандидатот за претседател на Градската организација на СДСМ-Скопје, покрај исполнувањето на горенаведените критериуми е должен на почетокот на кандидационата постапка да достави програма за работа за четиригодишен мандат.

**Б. Критериуми за кандидирање и избор на членови на Извршен и Надзорен одбор во ОО на СДСМ**

Кандидатите за членови на органите на Општинските организации, како и делегатите на општинските конференции треба да ги исполнуваат следниве критериуми:

- да уживаат авторитет, углед и доверба во нивната средина.
- да бидат доследни во остварувањето на политичките и програмските определби на СДСМ.
  да имаат силно изразени политички и организациски способности, да имаат способност за тимска работа.
- да бидат подготвени за користење современи методи и технологии за работа, да се однесуваат со почит и толеранција кон партиските колеги.
- да потпишат изјава за прифаќање на Кодексот за однесување на членовите и функционерите на СДСМ и истиот целосно да го почитуваат.
- да бидат членови на СДСМ во моментот на поднесување на кандидатурата.

Согласно член 68-ј од Статутот, при предлагањето и утврдувањето на кандидатите и изборот на членовите и носителите на функции во општинските организации и градската организација треба да се почитува принципот на деакумулација на функциите (**најмногу една јавна и една партиска функција**)

**_Роковник за постапка, начин и критериуми за кандидирање и избор на членовите на органите и носителите на функции во ОО на СДСМ_**

| Ред.бр. | Рок | Активност | Времетраење |
|---|---|---|---|
| 1 | 26.03.2026 | Одржување на седница на ИО на ОО на СДСМ на која ќе се разгледа правилникот и роковникот, како и запознавање со постапката, огласување на огласна табла во ОО на СДСМ и огласување во печатени медиуми и на веб страната на СДСМ за отворениот повик за самокандидирање. | 1 ден |
| 2 | 27.03.2026-02.04.2026 | Самокандидирање преку доставување на програма на кандидатите до Претседателот на СДСМ. | 7 дена |
| 3 | 03.04.2026-09.04.2026 | Консултации со ОО и именување на претседатели на ОО. | 7 дена |
| 4 | 14.04.2026-21.04.2026 | Состаноци во месните одбори за предлагање на кандидати за членови на ИО и НО на ОО. | 8 дена |
| 5 | 22.04.2026-24.04.2026 | Доставување на предлог членови на Извршен одбор и Надзорен одбор на ОО до Извршниот одбор на СДСМ за согласност на предлог на избраниот претседател на ОО. | 3 дена |
| 6 | 25.04.2026-26.04.2026 | Одржување на конференции за избор на Извршен одбор на ОО и Надзорен одбор на ОО на СДСМ и членови на Градскиот одбор на СДСМ Скопје. | 2 дена |
| 7 | 27.04.2026 - 10.05.2026 | Изборни состаноци во МО на СДСМ. | 15 дена |

www.sdsm.org.mk • e-mail: contact@sdsm.org.mk • тел.: +389 2 3293100 • факс: +389 2 32932109
адреса: ул. „Павел Шатев“ бр. 8, 1000 Скопје, Република Северна Македонија